ДОКУМЕНТ ЗА ПОЛИТИКИ

СПРАВУВАЊЕ СО ПОДЕЛБИТЕ ПО ЕТНИЧКА ЛИНИЈА: ПОЛИТИКИ ЗА НЕДИСКРИМИНАЦИЈА И ОПШТЕСТВЕНА КОХЕЗИЈА

Проектот е финасиран од Европската Унија

ЕУ со ТЕБЕ

МЦМС
МАКЕДОНСКИ ЦЕНТАР ЗА МЕЃУНАРОДНА СОРАБОТКА

Издавач:
Македонски центар за меѓународна соработка

За издавачот
Александар Кржаловски

Авторки
Александра Савевска, Фанија Ивановска

декември, 2023
Скопје

Овој документ за политики е подготвен со поддршка на Европската Унија за потребите на проектот „Комисијата за антидискриминација ја извршува својата превентивна и заштитна улога“. Содржините на документот за политики се одговорност на авторките и не нужно ги одразуваат погледите на Европската Унија.

Сите права се задржани, репродуцирањето, копирањето, трансмисијата или преводот на кој било дел од ова истражување може да се изврши единствено под следните услови: со претходна дозвола на издавачите, заради цитирање во анализа на книгата и под услови изложени во продолжение. Авторското право на ова истражување е заштитено, но истражувањето може да се репродуцира на кој било начин и без наплата за едукативни намени. За копирањето во други услови, за употреба во други истражување или пак за превод или адаптација, треба да се обезбеди претходна дозвола од издавачот.

Содржина

1. Вовед 3

2. Контекст 3

3. Политики за спречување и заштита од дискриминација и поттикнување на социјална кохезија 5

3.1 Национална стратегија за еднаквост и недискриминација 2022-2026 5

3.2 Национална стратегија за развој на интеркултурализмот и општествената кохезија 2024-2026 8

3.3 Стратегија за инклузија на Роми 2022 – 2030 11

4. Заклучоци 14

5. Клучни препораки 14

1. Вовед

Во 2001 година, Охридскиот рамковен договор (ОРД) освен што стави крај на воените судири, даде насоки за низа уставни амандмани насочени кон намалување на меѓуетничките тензии и промовирање на толеранција и разбирање на двете страни во конфликтот. Неговите основни принципи го реафирмираа мултиетничкиот карактер на македонското општество со што се стави акцент меѓу другото врз развојот на локалната самоуправа, поттикнување на демократското учество на граѓаните, недискриминација и правичната застапеност и почитување на идентитетот на (етничките) заедници. Сепак, 22 години по неговото потпишување, општеството во Северна Македонија останува поделено долж етнички линии, каде етничките заедници живеат една покрај друга без значително продлабочување на интеракцијата. И ден денес јазовите меѓу најбројните етнички заедници излегуваат на површина во ситуации како што се изборните процеси, политичките кризи, судски случаи, а беа присутни и при самото одбележувањето на дваесет годишнината на ОРД.

Во Северна Македонија заштитата од дискриминација е издигната на највисоко ниво во законската регулатива. Во членот 9 од Уставот се наведува дека „граѓаните се еднакви во слободите и правата независно од полот, расата, бојата на кожата, националното и социјалното потекло, политичкото и верското уверување, имотната и општествената положба". А, во 2020 година се донесе нов Закон за спречување и заштита од дискриминација кој овозможува проширени дејствија за промоција, превенција и заштита за еднаквоста, човековите права и (не)дискриминацијата. Дополнително, во контекст на ЕУ проширувањето, фокусот на добри меѓуетнички односи, интеркултурниот дијалог и остварување на правата на заедниците е особено важен бидејќи е дел од кластерот „фундаменталс" кој е клучен за напредокот во преговорите. Со цел подобро да се разберат трендовите во однос на етничките поделби, во овој документ за политики ќе се анализираат воспоставените институционални и стратешки политики за нивно сузбивање.

2. Контекст

Во 2022 година до Комисијата за спречување и заштита од дискриминација (КСЗД) се поднесени 248 претставки за заштита од дискриминација, од кои 157 од физички лица и 91 од страна на правни лица. Споредено со претходната 2021 година, кога биле примени 86 претставки од страна на физички и правни лица, бројот во 2022 година се зголемил дури за 162. Најчесто пријавувана основа за дискриминација во 2022 година била националната и етничката припадност (во 124 предмети, или во 49% од вкупниот број на претставки). Податоците покажуваат дека кај мажите, жените и кај правните лица најчесто пријавувана основа за дискриминација во 2022 година била токму националната и етничката припадност. Од оние подносители кои се изјасниле за етничката припадност, најмногу претставки се поднесени од граѓаните од македонска етничка заедница (48), по што следат граѓаните кои се припадници на албанската етничка заедница (14), потоа граѓаните од бугарска припадност (8), припадниците на српската етничка заедница (4), турската етничка заедница (3) итн.

Во 2022 година, КСЗД утврдува 70 случаи на дискриминација, а по национална и етничка основа, дискриминација била утврдена во 19 случаи. Ако погледнеме подетално ќе забележиме дека утврдената дискриминација во случаите со основ национална и етничка припадност припаѓаат на неколку области и тоа: пристап до добра и услуги (5), јавно информирање и медиуми (7), образование, наука и спорт (5), здравствено осигурување и здравствена заштита (1), дејствување на здруженија и фондации или други организации засновани на членство (1).

Годишниот извештај на Народниот правобранител (НП) за 2022 година исто така забележува зголемување на бројот на претставки кои се однесуваат на заштита од дискриминација (76), 33 повеќе од 2021 година. Во овој случај претставките по основ на национална и етничка припадност се втори по бројност. Исто така, според податоците на Барометрите за еднакви можности[1], може да се забележи дека дискриминацијата врз основа на етничка припадност останува како втора најраспространета во сите истражувања до сега (2009– 55%; 2013– 51%; 2018– 50%, 2023– 53%). Согласно социо-демографските карактеристики на испитаниците, дискриминација врз основа на етничка припадност е перцепирана како честа, повеќе од: етничките Албанци (2009– 75%; 2018– 63%; 2023 – 52%) отколку етничките Македонци се до 2018 година (2009– 48% ; 2018– 45%; 2023– 51%), во 2023 година овие две групи имаат тенденција на изедначување; и кај муслиманите (2009– 69%; 2018– 59%; 2023– 56%) отколку христијаните (2009– 48%; 2018– 45%; 2023– 51%). Види графикон бр.1 и табела бр.1.

Графикон 1. Перцепција за дискриминација врз основа на етничка припадност (2023, 2018, 2013, 2009) (%)



[1] Види повеќе на: https://mcms.mk/mk/za-nasata-rabota/istrazuvana-i-publikacii/lista-na-istrazuvana-i-publikacii/2503-barometar-za-ednakvi-moznosti-2023.html

Табела 1. Перцепција за дискриминација врз основа на етничка припадност

Година	Етничка припадност		Религија	
	Македонци	Албанци	Христијани	Муслимани
2009	48%	75%	48%	69%
2013	43%	80%		
2018	45%	63%	45%	59%
2023	51%	52%	51%	56%

3. Политики за спречување и заштита од дискриминација и поттикнување на социјална кохезија

Податоците од извештаите на КСЗД и НП, но и случувањата во поширокиот општествен контекст укажуваат на одредени јазови кои постојат во градењето на македонското мултикултурно општество. Затоа во овој дел од документот фокусот ќе биде ставен на неколку значајни стратешки документи кои во своите рамки имаат предвидено значително влијание во насока на превенција и заштита од дискриминација за етничките заедници во земјата и подобрување на социјалната кохезија. Односно, ќе се земат предвид следните стратешки документи: Национална стратегија за еднаквост и недискриминација 2022– 2026, Национална стратегија за развој на интеркултурализмот и општествената кохезија 2024–2026 и Стратегија за инклузија на Роми 2022– 2030.

3.1 Национална стратегија за еднаквост и недискриминација 2022-2026

Во текот на 2022 година Министерството за труд и социјална работа (МСТП) ја донесе новата Стратегија за еднаквост и недискриминација за период од 2022 до 2026 година (НСЕН)[2]. Оваа стратегија се надоврзува на претходната и воспоставува широка институционална рамка со зацртани цели (3), мерки и активности во насока на воспоставување на еднакви можности и недискриминација за сите во јавната и приватната сфера од човековото делување. Земајќи ги предвид сите основи за дискриминација согласно Законот за спречување и заштита од дискриминација (ЗСЗД)[3], оваа стратегија концепциски се однесува на повеќе области и тоа: работа и работни односи, образование, наука, спорт и култура, социјална сигурност (заштита, пензиско и инвалидско осигурување и здравство), правосудство и управа и пристап до добра и услуги. Со цел подобра реализација со истата се планира подготовка на оперативни две годишни планови со кои ќе се утврдуваат тековните приоритети и начинот на спроведување, првиот ваков план е веќе подготвен.

Во стратешката цел 1– **Унапредување на правната рамка за еднаквост и недискриминација** во првиот општ дел во фокусот се ставени измени и дополнувања на законската регулатива со цел усогласување со ЗСЗД како и измени и дополнување на законите од

[2] Види повеќе на: https://shorturl.at/iAFMS

[3] Член 5 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, Службен весник на РСМ бр. 258/20.

областа на еднаквоста и недискриминацијата. Овој дел исто така предвидува и ратификации на меѓународни правни инструменти од областа на еднаквоста и недискриминацијата во кој спаѓа и усвојување на Закон за ратификација на Повелбата за малцински јазици. Имено, усвојувањето на Повелбата за малцински јазици е препорака на Советодавниот комитет за Рамковната конвенција за заштита на националните малцинства како дел од последниот извештај за утврдување на состојбата.[4]

Во овој дел, НСЕН предвидува и специфични мерки во делот на образование, наука и спорт со цел надминување на сегрегацијата на учениците од ромска етничка заедница. Во април 2022 година КСЗД упати општа препорака до надлежните органи доследно да ги почитуваат актите за реонизација во општините при запишување на учениците со цел отстранување на сегрегација во основното образование со посебен фокус на учениците Роми.[5] Согласно ЗСЗД, сегрегацијата како облик на дискриминација, се дефинира како „физичко одделување на лице или група лица врз дискриминаторска основа без легитимна или објективно оправдана цел". Во препорака КСЗД јасно укажува дека праксата на „сегрегација може да остави далекусежни последици не само врз децата од ромска етничка припадност туку и од неромска бидејќи немањето можност и прилика деца со различни културни и етнички позадини да се интегрираат и да учат еден за друг, во иднина може да доведе и до нетрпеливост и дискриминација од страна на „посилната односно побројната „група".

Дополнително од аспект на унапредување на правата на заедниците, во оваа стратешка цел испланирана е мерка со која е потребно да се додефинира статусот на локалните Комисии за односи меѓу заедниците кои беа воспоставени со донесувањето на ОРД. Преку измени и дополнувања во Законот за локална самоуправа, властите е потребно да ги зајакнат локалните Комисии за односи меѓу заедниците преку разјаснување на нивниот мандат, обезбедување на буџет, обезбедување обука за членовите и подобрување на процесот на назначување и нивно работење. Според извештаите на претставниците на помалите заедници, само некои од овие комисии ги исполнуваат своите функции како што треба. Многу општини не го користат потенцијалот на комисиите и не ги вклучуваат во одлучувањето со цел подобро спроведување на политики за развој на правата и културата на помалите заедници. Најголеми нејасности се јавуваат околу мандатите и професионалноста на членовите, недостаток на финансии и средства за непречена работа и нејасни

[4] Советодавниот комитет на Рамковната конвенција за заштита на националните малцинства во петиот извештај за утврдување на состојбата, забележува дека Северна Македонија ниту ја потпишала ниту ја ратификувала Европската повелба за регионални или малцински јазици, договор дизајниран да ги заштити традиционално користените јазици на малцинствата како дел од европското културно наследство. Имено, Повелбата содржи практични промотивни мерки за јазиците на малцинствата во различни области и може да им помогне на властите да ги промовираат на структуриран начин условите неопходни за лицата кои припаѓаат на националните малцинства да го развијат својот јазик и култура како суштински елементи на нивниот идентитет.

[5] Годишен извештај на КСЗД за 2022 година, види повеќе на: https://shorturl.at/ijsFG

процедури за назначување. Односно, недоволната транспарентност на процесот резултира со недостаток на легитимност на составите на овие комисии.

Во стратешка цел 2– **Зајакнување на капацитетите, унапредување на работата и координација на институционалните механизми за спречување и заштита од дискриминација и промовирање на еднакви можности** се планирани неколку мерки кои се важни и со нивно успешно имплементирање би се постигнал напредок во однос на правата на помалите етнички заедници. Па така, во областа работа и работни односи се истакнува потребата за следење на имплементацијата на принципот на правична застапеност на Ромите и другите малцински етнички групи во пристапот до вработување. Оваа мерка е важна ако се земе предвид Извештајот за следење на примената на начелото на соодветна и правична застапеност за 2021 година[6] каде од година во година се повторува истата ситуација во однос на застапеноста на помалите етнички заедници во јавниот сектор. Во Извештајот од 2021 година се нотира дека е мал бројот на институции, единици на локалната самоуправа и субјекти формирани од нивна страна, кои имаат солиден учинок во остварувањето на начелото на соодветна и правична застапеност. Карактеристично за овие институции е дека имаат вработено лица само од мнозинскиот и од вториот по големина етникум и немаат вработено лица од други етникуми. Извештајот исто така нотира дека помалите етнички заедници не се застапени во раководниот кадар на институциите во јавниот сектор.

Во областа на образование, наука и култура во рамки на стратешка цел 2, се предвидени низа на мерки од кои може да се истакнат оние кои се однесуваат на внесувањето на нови наставни програми за недискриминација, инклузивност и мултикултурализмот во основното образование и сензибилизацијата на вработените и учениците за препознавање на дискриминацијата. Имено, во двата годишни извешти кои досега го има изработено КСЗД, пријавите кои доаѓаат на основа на национална и етничка припадност во голема мера се однесуваат на случаи на дискриминација кои се детектирале во секторот образование. Важноста од овие мерки е особена значајна ако се земе предвид нивото на поделеност на училиштата во однос на етничка линија каде во најголема мера принципите на почитување, толеранција и прифаќање се сведуваат на овозможување на употребата на јазиците на различните етнички заедници во земјата и поддршка на развојот на сопствениот идентитет без да се води сметка за посуштинска интеракција меѓу различните етникуми во образовниот процес.

Во областа правосудство и управа се предвидува мерка за сензибилизација на полициските службениците за недискриминација и расно профилирање. Оваа мерка е насочена кон сузбивање на случаите на полициска бруталност кон припадниците на ромската заедница за која бевме сведоци низ изминатиот период и ќе влијае позитивно за почитување на слободата и правата за граѓаните од оваа заедница.

Стратешката цел 3– **Подигнување на јавната свест за препознавање на формите на дискриминација и промовирање на концептот на недискриминација и еднакви**

[6] Овој извештај го подготвува Народниот правобранител, види повеќе на: https://ombudsman.mk/CMS/Upload/NarodenPravobranitel/upload/documents/SPZ/SPZ-2021-Mak.pdf

можности цели да ги подобри состојбите во однос на непрепознавањето на дискриминацијата и предвидува низа на обуки и системски приод за континуирана едукација и дијалог со сите засегнати страни.

Во општиот дел, се почнува со планирање на мерки за превенција од говор од омраза и насилство како и други видови дискриминација врз основа на етничка припадност и се нагласува потребата од организирање на Партиципативни форуми со припадниците на етничките заедници. Креаторот на стратегијата во овој дел се насочил кон кампањи за подигање на јавната свест за спречување на говор на омраза и насилство како и зголемување на бројот на иницирани постапки по службена должност од страна на КСЗД. Партиципативните форуми се корисна алатка за воспоставување на платформи за дијалог со помалите етнички заедници и утврдување на приоритетите и предизвиците во однос на остварување на нивните права и истите се веќе дел од годишните програми на Агенцијата за односи меѓу заедниците.[7]

Потоа во делот на образование, наука и спорт планирани се редовни кампањи за подигнување на јавната свест на припадниците на заедниците под 20% за остварување на правото за редовна настава и изборен предмет на мајчин јазик и организирање на културни манифестации на припадниците на заедниците во Северна Македонија.

3.2 Национална стратегија за развој на интеркултурализмот и општествената кохезија 2024-2026

Националната стратегија за развој на интеркултурализмот и општествената кохезија 2024-2026[8] се надоврзува на претходната стратегија Националната стратегија за развој на концептот за едно општество и интеркултурализам 2020-2022 година. Креаторот на оваа стратешка рамка како една од главните причини или потреби за нејзино донесување ја наведува токму поделеноста на општеството по различни основи, а како примарна оска на овие поделби ја издвојува етничката припадност. И затоа оваа стратегија преку планираните активности цели да ги „зајакне процесите на комуникација и соработка меѓу заедниците во насока на создавање на општество во кое секој ќе се чувствува како припадник на „едно општество"[9]. Во духот на претходната стратегија и новата стратегија се обидува да ги ублажи поделбите по етничка линија, да промовира фер и правично општество и создаде можности за граѓаните да живеат поеднаков и по рамноправен јавен и приватен живот.

Националната стратегија за развој на интеркултурализмот и општествената кохезија 2023-2025 предвидува пет приоритетни области и тоа: институции, образование, медиуми, општествена кохезија и интеркултурни политики. Во секоја од овие приоритетни области се предвидуваат поконкретни цели за кои се скроени посебни мерки и активности насочени кон остварување на планираното.

---

[7] Агенција за остварување на правата на заедниците, годишна програма за 2023 година, види повеќе на: https://shorturl.at/twW18

[8] Види повеќе на: https://shorturl.at/fsuM2

[9] Види повеќе на: https://vlada.mk/sites/default/files/dokumenti/strategii/strategija_ednoopshtestvo_29.10.2019.pdf

Во приоритетна цел 1– **институции** се предвидува зајакнување на институционалната ефикасност со цел подобар развој на интеркултурализмот внатре во организациите во сите нивоа на власта. Освен основното, како редовна комуникација и координација помеѓу институциите фокусот се става на подобрување на капацитетите на институциите за спроведување на интеркултурни политики и подобра правична застапеност на помалите етнички заедници. Како новост во оваа стратегија во една од мерките се наведува „назначување на офицери за интеркултурализам во сите органи на државната управа на национално и локално ниво". Во стратегијата не е доволно објаснета улогата на овие офицери и потребата тие да се вградат во сите органи на државната управа. Тие се споменуваат како важен дел од процесот на следење и известување за спроведувањето на оваа стратегија каде заедно со воспоставеното Координативно тело треба да известуваат за динамиката и предизвиците за исполнување на оваа стратегија. Тоа значи дека потребно е суштински да се пристапи при нивното назначување и планирање на нивните тековни работни задачи за да може вистински да одговорат на зададената цел. Потребно е нивното назначување да не биде проформа и да бидат лица со внатрешен капацитет (личен и професионален) да може да ги спроведуваат политиките клучни за развој на интеркултурализмот во државата.

Во приоритетна цел 2– **образование** фокусот е ставен повторно на развој на интеркултурноста но во основното и средното образование. Ако знаеме дека најголемите поделби и јазови во однос на меѓуетничката кохезија се случуваат токму во секторот образование тогаш повеќе од неопходно е поставувањето на оваа приоритетна цел. Две работи може да се издвојат во однос на посебните цели: обезбедувањето на поголема интеракција помеѓу учениците од различните етнички заедници кои воедно посетуваат и различни јазични програми и унапредување на учење на јазикот на другите етнички заедници. Во рамки на овие цели се испланирани низа на мерки и активности кои може да бидат патоказот кон вистинска трансформација на нашето општество во однос на креирање на млади генерации кои нема да имаат отпор да бидат во блиска и постојана комуникација и интеракција (живеење едни со други) со припадниците од различните етникуми. Изучувањето на јазикот на другиот особено онаму каде наставата се одвива на повеќе јазици и креирање на наставни содржини во основно и средно образование каде ќе бидат вградени вредностите на интеркултурализмот се појдовната основа и оваа стратегија темелно ги обработува и надградува досегашните напори за реализација на овие концепти. Преку зајакнувањето на наставните и вон-наставните активности во основното и средното образование стратегијата преку водечките институции и органи на државната управа презема сериозни чекори кон подобрување на кохезијата во општеството и довербата и почитта меѓу различните заедници. И дополнително особено е важно да се направи синергија или поврзување со НСЕН во делот на планираните активности во секторот образование. Присутното ниво на дискриминација и сегрегација во образованието детектирано во извештаите на КСЗД особено за ромската популација потребно е да се адресираат со конкретни мерки и активности кои заеднички преку двете стратегии ќе ја сузбијат оваа негативна појава за нашето општество.

Во приоритетна област 3 – **медиуми** фокусот е ставен на зајакнување на борбата против лажните вести и говорот на омраза (во последните извештаи на Хелсиншкиот комитет се забележува дека има зголемување на говорот на омраза и вознемирувачкиот говор помеѓу двете најголеми етнички заедници во државата)[10]. Но исто така, фокус се става и на зајакнување на капацитетите и збогатување на програмските содржини на Националната радио и телевизија и комерцијалните медиуми за афирмација на интеркултурализмот и неговите вредности во општеството. Несомнено, медиумите како алатка се најважниот чинител во реализација на визијата на оваа стратегија со која се сака одлуките кои се носат во рамките на различните општествено- политички процеси да се базираат на развиена интеркултурна комуникација и медиумско покривање на сите различности. Доколку се работи на зајакнување на капацитетите на новинарите да известуваат за интеркултурализмот со цел почитување на основните негови начела и се обезбеди дополнителна поддршка (финансиска и институционална) за медиумските уредништва кои ќе поттикнуваат новинарски фокус на оваа тема, би се овозможила поширока размена на информации за различностите и ќе се овозможи да се истакнат добрите примери на разбирање и соработка и истите ќе станат дел во креирање на поотворени и поинклузивни јавни дискурси. Овој пристап засилен со предвидените мерки во однос на сузбивање на говорот на омраза преку поддршка на Мрежата против говор на омраза во медиумите и подобрување на надзорот за спроведување на интеркултурализмот на националниот сервис е повеќе од неопходен и може да ги амплифицира постигнувањата од сите зацртани приоритетни области во стратегијата. Она што е особено значајно е што оваа стратегија ја истакнува улогата на непрофитните медиуми. Тие како и комерцијалните медиуми ќе влијаат на целисходно исполнување на стратегијата. Неодамнешните случаи во однос на пресудата на Истражувачката репортерска лабораторија[11] (кои се регистрирани како непрофитен медиум) и судското толкување за тоа кој е а кој не е новинар ја налагаат оваа потреба за истакнување на улогата на непрофитните медиуми и во оваа област на делување.

Во приоритетна област 4– **општествена кохезија** креаторот на стратегијата наведува низа на мерки кои се поврзани со зајакнување на социјалните и економски права на граѓаните особено оние кои се маргинализирани и најранливи. Во првата посебна цел се истакнува формирањето на локални Комисии за односи меѓу заедниците кои во голема мера може да влијаат на подобрување на односите меѓу различните заедници. Иако можеби многу поважно од самото формирање е дали тие се (или ќе бидат) ефикасни, функционални и кои ќе им бидат приоритетите на работа, што стратегијата ги апстрахира како прашања од предвидената рамка. Во насока на намалување на јазовите во социо-економската сфера се предвидени изготвување на пакет мерки кои допрва треба да се обмислат и истите треба да ги опфатат маргинализираните и најранливите граѓани. Вака формираната мерка може од една страна да биде преширoко сфатена и институциите кои се повикани да ги изготват

[10] Види повеќе на: https://www.youtube.com/watch?v=53t0Pnb6m_A
[11] Види повеќе на: https://prizma.mk/presuda-protiv-zdraviot-razum/

допрва тие мерки да направат расплинување повеќе од потребното, но од друга страна им остава простор на креаторите на политики (особено на државните органи) да се фокусираат на конкретни потреби и онаму каде е најрелеватно за подобрување на социјалната дистанца и разединетост. Во делот на оваа приоритетна област се планира и креирање на мрежи и спроведување на кампањи кои се насочени против гласини, предрасуди, дискриминација, хомофобија, антиродови движења и ксенофобија. Иако сите опфатени теми се конкретни и за кои има извештаи и докази дека се широко распространети, го поткопуваат нашето општество и дека насушно е потребно да се работи на нивно сузбивање, недостасува препознавање на останати чинители надвор од државната управа при нивното реализирање. Тоа не значи дека во текот на имплементацијата нема да се препознаат напорите кои доаѓаат особено од граѓанскиот сектор во сузбивањето на гореспоменатите појави, туку би се очекувало и нивно конкретно вклучување во вид на соработка, партнерство и слично.

Во приоритетна област 5– **интеркултурни политики** фокусот е ставен на обезбедување на поголема поддршка за планирање на проекти и финансии кои ќе бидат насочени од областа на интеркултурализмот. Во овој приоритет се планира и формирање на научно-истражувачки институт за интеркултурализам и приклучување на македонски градови во Мрежата на интеркултурани градови. Планирање и имплементирање на посебни фондови кои за цел ќе имаат токму промоција и развој на интеркултурализмот во Северна Македонија е позитивен исчекор и доколку се спроведе транспарентно и отчетно ќе има влијание кон намалување на етничките и социо-културните јазови меѓу граѓаните кои постојат денес. За жал се уште немаме град претставник од Северна Македонија во Мрежата на интеркултурни градови, предводена од Совет на Европа. Несомнено, поттикнувањето на градските власти да земат учество во една ваква програма ќе им помогне да вклучат интеркултурни елементи во планирањето на нивните политики и да развијат сеопфатни интеркултурни стратегии за управување со различностите како предност за целото општество. Но, не смее да се заборави дека Мрежата на интеркултурни градови е исто така платформа за поврзување на градовите и лидерите на глобално ниво каде иницијативите и искусствата од еден град се анализираат и споделуваат за да се инспирираат сите останати.

3.3 Стратегија за инклузија на Роми 2022 – 2030

Во период од 2005 до 2020 година во Република Северна Македонија се усвоија и имплементираа две долгорочни стратегии за Роми. И покрај постигнатиот напредок во одредени области, ромското население се уште се разликува од мнозинското население во низа на значајни развојни индикатори[12]. И покрај воспоставените стратегии за инклузија на Ромите во општествените текови, останаа низа на јазови и неисполнети резултати и тоа во скоро сите утврдени приоритетни области: образование, вработување, здравството, домување, култура и борбата против дискриминација. Извештаите од терен на граѓанските организа-

[12] Групација Светска банка, 2019. Излегување од кругот на исклученост на Ромите во Западен Балкан, види повеќе на: https://shorturl.at/EX038

ции но и годишните извештаи на Европската Унија за напредокот на земјата постојано укажуваат на потребата од континуирано и таргетирано спроведување на мерки и активности кои треба да ја подобрат положбата на ромската популација. Како дополнителен поттик во процесот на пристапување кон ЕУ, премиерите од Западен Балкан во 2019 година ја усвоија Декларацијата за интеграција на Ромите, каде што се обврзаа да ја подобрат состојбата на Ромите во регионот и да постигнат конкретни резултати во сите наведени области. Последователно се воспостави и новата Стратегија за инклузија на Ромите 2022–2030 во Северна Македонија.

Оваа стратегија опфаќа осум стратешки цели во следните области: вработување, домување, образование, животен век, култура, социјална инклузија, граѓанска регистрација и елиминација на антициганизмот и дискриминацијата. Во рамки на секоја одделна стратешка цел прецизно се поставуваат и низа на специфични подцели со конкретни индикатори по кои треба да се следи успешноста на реализирањето.

Во стратешка цел 1– **зголемување на вработеноста на Ромите** се поставуваат таргети за зголемување на вработливоста на Ромите во јавната и државната администрација, за развој на претприемништвото кај ромската популација, стекнување со дигитални вештини и намалување на стапките на млади Роми кои не се дел од образование, вработување или обука. За истакнување е дека во извештаите на Народниот правобранител за правичната застапеност на помалите заедници во јавната и државната администрација се наведува дека постојат институции во кои воопшто не се застапени помалите заедници, како во случајот ромската, ниту на раководни ниту на нераководни работни места. Непостапувањето согласно начелото на соодветна и правична застапеност за граѓаните кои се од помалубројните заедници е противуставно и го кочи нивното учество во политичките и социо-економските развојни политики на национално ниво.

Во стратешка цел 2– **домување** акцентот се ставен на обезбедување на достоинствено и не-сегрегирано домување. Поставени се неколку значајни таргети, меѓу другото, за надминување на лошата состојба со домувањето и тоа преку легализација на бесправно изградените живеалишта, урбанизација на неформалните населби, обезбедување на комунална инфраструктура и итн. Имено, и работата на КСЗД нотира мислења за сторена дискриминација и општа препорака токму за општините во делот на обезбедување на основна комунална инфраструктура каде живеат Роми, како што е обезбедување на пристап до чиста вода. Во општата препорака од 2022 година КСЗД наведува дека исполнувањето на основните потреби како пристап до чиста вода за пиење и користење е директно поврзана со исполнување на инклузијата на маргинализираните група на граѓани, „...откако основните потреби ќе бидат исполнети, тогаш секој човек може да се стреми кон инклузија во општеството, а со тоа и исполнување на граѓанските обврски...“. Односно, без соодветно домување во поширока смисла на зборот не може да се очекува дека граѓаните ќе може да ги подобрат сите други животни изгледи и го достигнат развојниот потенцијал.

Во стратешка цел 3– **образование** се цели кон подобрување на опфатот и успехот на сите нивоа на образование. Како една од најважните алки во социјалната инклузија, се очекуваа подобрување на образованието од предучилишна возраст па се до образованието на возрасните кои го напуштиле образовниот процес. Иако во оваа цел стратегијата не предвидува посебен таргет за намалување на сегрегацијата во основното образование со која се затекнати децата Роми (сегрегацијата како облик на дискриминација е обработена во последната стратешка цел од оваа стратегија), треба да се истакне дека токму во оваа област има случаи за кои се има изјаснето КСЗД со мислење за утврдување на сегрегација во две основни училишта на територија на Северна Македонија и давање на општа препорака за доследно почитување на актите за реонизација во општините при запишување на учениците со цел отстранување на сегрегација во основното образование со посебен фокус на учениците од ромска етничка група. Дополнително и Европскиот суд за човекови права[13] по истите случаи, донесе пресуда со која утврди дека двете основни училишта („Ѓорѓи Сугарев" од Битола и „Гоце Делчев" од Штип) го повредиле правото на образование на децата токму преку сегрегација и упати на изнаоѓање на решенија за сузбивање на истата.

Во стратешка цел 4– **здравство** се цели кон намалување на јазот во животниот век меѓу Ромите и мнозинските групи на граѓани. Во оваа цел се поставуваат таргети за намалување на смртноста на доенчињата, пристапот до здравствено осигурување и матичен гинеколог. Граѓанските здруженија кои ги застапуваат првата на Ромите особено апелираа дека жените Ромки од Шуто Оризари се особено погодени од немање на матичен гинеколог во оваа општина. Во 2022 година, КСЗД утврди директна продолжена интерсекциска дискриминација (како потежок облик на дискриминација) по основ на пол, раса, припадност на маргинализирана група, етничка припадност и социјално потекло извршена од страна на Министерството за здравство кон жените-Ромки кои живеат на територија на општина Шуто Оризари, во областа на здравственото осигурување и здравствената заштита (гинеколошко-акушерска здравствена заштита).

Во стратешка цел 5– развој на ромската **култура** се истакнува потребата од севкупна програма која ќе може да се грижи и да го промовира ромскиот идентитет. Се истакнува потребата за запознавање на другите граѓани од неромска припадност со ромската култура со цел намалување на стереотипите и антиромските наративи во општеството.

Во стратешка цел 6– се опфаќаат **материјалната сигурност** и намалување на **социјалната исклученост** на ромската популација. Во фокусот е намалување на сиромаштијата и ризиците од сиромаштија меѓу Ромите (и ромските деца) и општата популација.

Во стратешка цел 7– **граѓанска регистрација**, се истакнува потребата да се идентификуваат сите лица кои се без државјанство и унапреди законската регулатива за наоѓање на решение за регулирање на статусот на лицата без документи.

[13] Види повеќе на: https://justiceobservers.org/article/79335/62621/187

Во стратешка цел 8– опфатени се **елиминација на антициганизмот и намалување на дискриминацијата** како хоризонтални мерки кои во голема мера го попречуваат вклучувањето на Ромите во општеството и предизвикуваат сегрегација за оваа популација во сите наведени области и сектори. Во стратегијата е утврдено антициганизмот да се препознае како кривично дело до 2030 година со што директно би се влијаело на намалување на дискриминацијата, бидејќи во најголем број на случаи антициганизмот е во позадината на дискриминаторните дејствија. Поставувањето на овој таргет е од исклучителна важност бидејќи изминатите стратегии премногу во фокусот имаа подобрување на социо-економскиот статус на Ромите, и практично се занемаруваше антициганизмот како појава на која првенствено треба да се дејствува. За жал ова е случај и со поголемиот број на земји членки на ЕУ каде постои голема Ромска популација, а каде антициганизмот не е доволно препознаен и нема механизми за негово справување. Во однос на намалување на дискриминацијата се истакнува важноста од обезбедување на бесплатна правна помош за процесирање на случаи за дискриминација и особено сузбивање на институционалната дискриминација.

4. Заклучоци

Стратегиите опфатени во овој бриф се однесуваат на воспоставените национални политики кои во периодот што следи (краткорочно и/или долгорочно) треба да се справат со широко распространетата дискриминација, јазовите во односите меѓу различните заедници и култури како и овозможување на забрзана интеграција на Ромите. Во голема мерка овие политики се одраз на реалните проблеми со кои се соочуваат институциите и засегнатите граѓани кои најмногу ги трпат последиците од нееднаквиот третман и дискриминацијата. Бидејќи сите три стратегии се донесени во тековната или година дена претходно нивните ефекти треба допрва да ги забележиме и заживееме. Но несомнено, без суштинско спроведување на овие стратегии и предвидените цели и мерки, демократијата и почитувањето на човековите права нема да можат да фатат корен и да се издигнат на ниво како што советуваат и препорачуваат меѓународните тела и организации но и националните тела за еднаквост.

5. Клучни препораки

1. Бидејќи постои степен на поврзаност и испреплетеност помеѓу трите засебни стратегии секој орган задолжен за спроведување и следење на истите потребно е да вгради меѓуинституционален и мултидисциплинарен пристап за координација во своите внатрешни структури на одлучување. Ваквиот пристап ќе овозможи брзи и навремени реакции за полесно адаптирањето на предвидените мерки низ годините согласно реалните потреби. Овој пристап ќе овозможи и подобро искористување на потребните ресурси (финансиски и човечки) со кои ќе може полесно да се планира и спроведува она што е зацртано. А може да биде ставен и во насока на вклучување на повеќе засегнати страни како меѓународната и академската заедница и граѓанското општество со цел суштинско спроведување и барање на одговорност ако спроведувањето затајува.

2. Локалните комисии за односи меѓу заедниците, за кои се предвидуваат мерки и во Националната стратегија за недискриминација и еднаквост и во Националната стратегијата за развој на интеркултурализмот и социјалната кохезија, потребно е вистински да ја исполнат функцијата за која што се формирани. Предвидените мерки со цел само нивно формирање нема да доведат до намалени јазови меѓу етничките заедници и подобрени интеркултурни односи меѓу истите. Во нашата држава меѓуетничките односи се комплексни и затоа поделбите не можат да се решаваат на површен начин. Воспоставување на функционални и активни Локални комисии за односи меѓу заедниците може да имаат конкретен придонес кон градење на посакуваното интегрирано општество.

3. Националните тела за еднаквост како што се КСЗД и НП и нивната работа се особено важни за исполнувањето на трите стратегии во делот на намалување на меѓуетничките јазови. Нивните извештаи и опсег на работа се огледало на тоа што се случува на терен меѓу граѓаните кон кои пружаат и заштита и вршат промоција за почитување на еднаквоста и човековите права. Затоа органите кои го следат спроведувањето на стратегиите потребно е да ги утилизираат податоците со кои располагаат овие тела и соодветно и навремено да одлучуваат за потребни промени и адаптации на планираните мерки и активности. Без тоа ќе ризикуваме да ги цементираме наместо да ги надминуваме поделбите кои постојат помеѓу различните етникуми.